| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3809. | **Правилник** за начинот на постапување на посредниците како и образецот на договорот помеѓу посредникот и корисникот на електронската услуга....................................... | **26** |
| 3810. | **Правилник** за начинот за електронско плаќање за административните услуги кои се обезбедуваат по електронски пат................................ | **29** |
| 3811. | **Правилник** за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина....................... | **30** |
| 3812. | **Правилник** за начинот на пресметката на износот за субвенционирање и постапката за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување по основ на зголемување на плата.................. | **34** |
| 3813. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 80/2019 од 13 ноември 2019 година.... | **35** |
| 3814. | **Исправка** на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови........................ | **38** |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-72** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3800.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 ноември 2019 година.

Бр. 08-6175/1
20 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), во член 58 ставот (5) се брише.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

Член 2

Во член 73 став (1) по алинејата 28 се додава нова алинеја 29, која гласи:

„-вградување или замена на опрема во градба за внатрешна гасоводна инсталација по претходна согласност од надлежни органи за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, “.

Член 3

Постапки започнати пред влегувањето во сила на овој закон за издавање на одобрение за градење согласно со член 58 став (5) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), ќе завршат согласно со истиот закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NDËRTIM**

Neni 1

Në Ligjin për ndërtim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 dhe 168/18), në nenin 58 paragrafi (5) shlyhet.

Paragrafët (6) dhe (7) bëhen paragrafët (5) dhe (6).

Neni 2

Në nenin 73 paragrafi (1) pas alinesë 28 shtohet alineja e re 29, si vijon:

"-montim ose zëvendësim i pajisjes në ndërtim për instalimin e brendshëm të gazsjellësit me pëlqim paraprakisht nga organet kompetente për mbrojtje nga zjarri, shpërthimet dhe materiet e rrezikshme,".